Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Национална установа - Универзитетска библиотека
Гоце Делчев - Штип
Примено: 20.06.2022
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
03 - 85/6

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 20__ год.
Потпис:

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор

**ИП 1 бр. 57-23**
**Датум: 13.06.2022 година**

### 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“, Штип | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Вита Поп Јорданова“ бр. 5, Штип | |
| Адреса за е-пошта | nub_gocedelchev@yahoo.com | |
| Телефон | (032) 391 247 | |
| Матичен број на субјектот | 4051530 | |
| Даночен број на субјектот | 4029964105475 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | [redacted] | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ, Скопје | |
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: [redacted], в.д. директор на НУ - УБ „Гоце Делчев“, Штип | Телефон: [redacted] | Е-пошта: [redacted] |

### 2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. **КОНТРОЛЕН** | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 09.06.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 13.06.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 16.00 | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ - Штип | | | |
| Главна дејност на објектот- | Дејности на библиотеките и архивите (91.01) | | | |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr 61, Shkup
+389 23240 643 и 075/273-066

| | |
|---|---|
| инсталацијата каде се врши надзорот | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Вита Поп Јорданова“ бр. 5, Штип |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Записникот ИП1 бр. 57-23 од 29.03.2022 година, **за извршен** редовен инспекциски надзор во НУ - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ од Штип и Решението со опомена ИП1 бр. 57-23 од 05.04.2022 година согласно со член 83 ставовите (1) и (4) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ“ бр. 102/2019), а планиран е со Месечниот план за работа за м. јуни 2021 г. бр. 57-13/7 од 03.06.2022 година.

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Сабина Синан, главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

5.) **Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

**Предмет**: инспекцискиот надзор, е со цел да се утврди дали субјектот на надзорот - НУ - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ од Штип, во истекот на рокот определен во инспекцискиот акт, при претходно извршениот редовен инспекциски надзор, **постапил или не постапил по инспекцискиот акт** – Решение со опомена ИП1 бр. 57-23 од 05.04.2022 година.

**Основ**: член 51 став (1) од **Законот за библиотеките** („Сл. весник на РМ“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16), и член 82 став (1) од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), и член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Службен весник на РСМ“ бр. 102/2019).

6.) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за контролен инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr "Gjuro Gjakovic" nr 61, Shkup

+389 23240 643 и
075/273-066

7.)За **време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од**:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted], в.д. директор на НУ - УБ „Гоце Делчев", Штип | [redacted] | [redacted] |

8.) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица:**

| Ред. бр. | Име и презиме/својство | Телефон/Е-пошта |
|---|---|---|
| | | |

9.)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на контролниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

**10.)Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:**

- При извршениот редовен инспекциски надзор кај субјектот на надзорот, за утврдените неправилности со Записникот ИП1 бр. 57-23 од 29.03.2022 г., од страна на инспекторот за култура е издаден инспекцискиот акт - Решение со опомена ИП1 бр. 57-23 од 05.04.2022 година, со коешто субјектот на надзорот - НУ – УБ „Гоце Делчев" од Штип, е опоменат во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да преземе соодветни активности за отстранување на утврдените неправилности од аспект на примена на Законот за библиотеките, и тоа:

1.1. Да преземе соодветни активности за започнување на вршење ревизија на библиотечниот фонд согласно со обврската од член 22 став (3) од Законот за библиотеките, за вршење ревизија на библиотечниот фонд најмалку на секои пет години, заради утврдување на состојбата на библиотечниот фонд и потребата за преземање на соодветни мерки за негова ефикасна заштита,

1.2. По спроведената ревизија да се утврди точната бројка на библиотечните единици од блиотечниот фонд за отпишување (со инвентарен број, наслов, основ за отпишување. ,,,), согласно со обврската за отпишување на библиотечниот фонд од член 23 ставовите (1) и (2) од Законот за библиотеките,


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup

+389 23240 643 и
075/273-066

1.3. Во инвентарните книги на библиотечните добра (за задолжителниот архивски примерок), и Излезната книга на библиотечниот материјал и библиотечните добра, со потребните податоци да се изврши евидентирање на трајно отпишаниот библиотечен материјал и документација, како и библиотечни добра на начин предвиден согласно со член 8 став (3) и (4), член 9 и член 10 од **Правилникот за формата, содржината и начинот на водење евиденција на библиотечниот фонд и на библиотечната документација** („Сл. весник на РМ" бр. 133/2009), и тоа на библиотечните добра од инвентарната книга и излезната книга, врз основа на акт за престанок на заштитата, на начин и постапка пропишани со ЗЗКН, како и на библиотечниот материјал и документација од библиотечната евиденција/книг согласно со **Правилникот за утврдување на критериумите и постапките за отпишување на библиотечен материјал бр. 02-120/3 од 07.03.2016 г.**, на НУ - НУБ „Св. Климент Охридски"-Скопје, и

1.4. Евиденцијата на библиотечниот фонд во Библиотеката (влезна евиденција на библиотечен материјал, инвентарна книга на библиотечните добра и излезна книга на библиотечните добра и библиотечниот материјал и каталог), во целост да се води на начин пропишан согласно со членовите 2, 3 и 4 од Правилникот, односно да се изврши заверка на листовите/исписите од библиотечно-информацискиот систем COBISS.MK, со потписи на овластените лица и со печат на Библиотеката и да се изврши подврзување на листовите/исписите на библиотечната евиденција од 2019, 2020 и 2021 г., во тврдо укоричени библиотечни книги за евиденција.

2)Рокот за извршување на изречените инспекциски мерки од точка 1 од ова решение изнесува 30 дена од приемот на Решението.

-Инспекциската мерка - решение со опомена, со коешто е определен рок за отстранување на неправилностите од аспект на примена на Законот за библиотеките и подзаконските акти, е изречена согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, а во врска со член 14, член 79 став (2) т. 6 и член 83 став (1) од Законот за инспекциски надзор.

По однос на задолжението од т. 3 од издаденото Решение со опомена - „Веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка", утврдено е дека субјектот на инспекцискиот надзор со Допис бр. 03-85/5 од 04.05.2022 г., заведен во МК под ИП1 бр. 57-23 на 05.05.2022 г., го известил Секторот за управен и инспекциски надзор, за преземените мерки и активности по однос на издаденото Решение со опомена и на увид, како доказ доставил копии од соодветната документација (списи и акти).


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
+389 23240 643 и
075/273-066

Во текот на контролниот надзор од страна на главен инспектор извршен е увид во следните списи и акти доставени од страна на контролираниот субјект на надзорот:

-Барање за донесување одлука за отпочнување ревизија на библиотечен фонд до Управниот одбор на НУ- УБ „Гоце Делчев"-Штип бр. 03-92/1 од 20.04.2022 г.,

-Барање за донесување одлука за формирање Комисија за ревизија на библиотечен фонд до Управниот одбор на НУ- УБ „Гоце Делчев"-Штип бр. 03-92/2 од 20.04.2022 г.,

-Барање за донесување одлука за формирање Стручна комисија за отпис и отуѓување на библиотечен материјал поизвршената ревизија на библиотечен фонд до Управниот одбор на НУ- УБ „Гоце Делчев"-Штип бр. 03-92/3 од 20.04.2022 г.,

-Одлука за отпочнување на ревизија на библиотечниот фонд во НУ-УБ „Гоце Делчев"-Штип бр. 02-95/2 од 29.04.2022 г.,

-Именување на Комисија за ревизија и отпис на библиотечен фонд и работни групи во НУ-УБ „Гоце Делчев"-Штип бр. 02-95/3 од 29.04.2022 г., и

-Решение за формирање на Комисија за вршење на ревизија на библиотечен фонд на НУ-УБ „Гоце Делчев"-Штип бр. 02-92/4 од 03.05.2022 година.

Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, утврдено е дека контролираниот субјект на надзорот во однос на изречената мерка од издаденото Решение со опомена, го има преземено следново:

**-Во однос на потточка 1.1. од Решението со опомена,** утврдено е дека е започната ревизија на библиотечниот фонд во Библиотеката, а за што по поднесените барање од в.д. директорот на ден 20.04.2022 г., од страна на Управниот одбор на Библиотеката донесена е Одлука за отпочнување на ревизија на библиотечниот фонд во НУ-УБ „Гоце Делчев"-Штип бр. 02-95/2 од 29.04.2022 година. Според оваа Одлука, ревизијата на библиотечниот фонд ќе се врши во период од мај до септември, 2022 година и тоа парцијално по одделенија, така што одделенијата ќе бидат затворени за читатели, во периодот кога се попишуваат за што корисниците ќе бидат навремено информирани за работењето, односно неработењето на библиотеката. Со Одлуката, директорот е задолжен да формира трочлена Комисија за ревизија и Комисија за отгуѓување на библиотечниот материјал од стручни библиотекари и нивни заменици, но долку располага со мал број на вработени се формира една комисија, која ќе ги извршува обврските на двете комисии. Истовремено се формираат три или повеќе работни групи чиј број не може да биде помал од 3 вработени, а кои непосредно ќе учествуваат во ревизијата. Трочлената комисија има обврска да ја следи и координира


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr 61, Shkup
+389 23240 643 и
075/273-066

целокупната работа од почетокот до крајот на ревизијата т.е. до изготвување на записникот, го одредува начинот на кој ќе се врши ревизијата и подготвува формулари во кои ќе се евидентираат резултатите од ревизијата, ги запознава членовите на работните групи со работите што треба да ги извршуваат. Со Одлуката, е предвидено и да бидат изготвени еден или повеќе печати за ревизијата со форма на четириаголник или круг. По доставената листа од УО, за именување на една Комисија за ревизија и отпис на библиотечен фонд и вкупно 6 (шест) работни групи (по одделенија – роднокрајно, детско, возрасно и академско одделение, стари и раритетни книги, депозитно одделение и за странска литература) бр. 02-95/3 од 29.04.2022 г., од страна на в.д. директорот е донесено Решение за формирање на Комисија за вршење на ревизија на библиотечен фонд бр. 02-92/4 од 03.05.2022 г., во состав: [redacted] – претседател, [redacted] – заменик претседател, [redacted] – член, [redacted] – заменик член и [redacted] – член, [redacted] – заменик член.

-**Во однос на потточките 1.2. и 1.3. од Решението со опомена**, според изјавата на одговорното лице по спроведената ревизија ќе се утврди точната бројка на библиотечни единици од библиотечниот фонд за трајно отпишување (со инвентарен број, наслов, основ за отпишување - оштетени, украдени,...), од инвентарните книги и Излезната книга, на начин предвиден согласно со член 8 став (3) и (4), член 9 и член 10 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење евиденција на библиотечниот фонд и на библиотечната документација и Правилникот за утврдување на критериумите и постапките за отпишување на библиотечен материјал на НУ - НУБ „Св. Климент Охридски"-Скопје, а согласно со обврската за отпишување на библиотечниот фонд од член 23 ставовите (1) и (2) од Законот за библиотеките.

-**Во однос на т. 1.4. од Решението со опомена**, утврдено е дека е извршена заверка на листовите/исписите од библиотечно-информацискиот систем COBISS.MK, со потпис на овластеното лице (директор), и со печат на Библиотеката, а исто така е извршено подврзување на листовите/исписите на библиотечната евиденција од 2019, 2020 и 2021 г., во тврдо укоричени библиотечни книги за евиденција (Влезна книга на библиотечен материјали и Инвентарна книга на библиотечните добра), согласно со членовите 2, 3 и 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење евиденција на библиотечниот фонд и на библиотечната документација.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup

+389 23240 643 и
075/273-066

**Врз основа на увидот во горенаведенити списи и акти:**

**1. Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзорот.**

**При контролниот инспекциски надзор, утврдено е дека субјектот на надзорот – НУ – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип, во рокот определен во инспекцискиот акт, постапил по инспекцискиот акт - Решение со опомена ИП 1 бр. 57-23 од 05.04.2022 година, односно од м. мај започнал со ревизијата на библиотечниот фонд во Библиотеката.**

**Со оглед на горенаведеното, од страна на инспекторот за култура се запира инспекциската постапка заведена под ИП1 бр. 57-23 согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

**Поради обемот и сложенота на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК согласно со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.**

**11. Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки .**

**12. Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:**

-______________________________________________

-______________________________________________

-______________________________________________

-______________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Потпис и печат на претставникот на субјектот на надзор:** | **в.д. директор на НУ - УБ „Гоце Делчев“ – Штип** | **Потпис и печат и на инспекторот за култура:** | **Сабина Синан, главен инспектор** |
| **Датум:** | **06.2022 г.** | **Датум:** | **13.06.2022 г.** |

**Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.**

______________________________________________


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr "Gjuro Gjakoviq" nr 61, Shkup

+389 23240 643 и
075/273-066